# ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПОДДРШКА НА СЕМЕЈСТВА, ПОЕДИНЦИ И ГРУПИ СРЕЌЕН ЖИВОТ – ТЕТОВО

Арх. бр.: 0507-52/1
Датум: 14.08.2026 година

## БАРАЊЕ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДА

**За обезбедување закуска и освежување за учесници на две интерактивни работилници во рамките на проектот „Мостови на соработка и толеранција“**

**Здружението за поддршка на семејства, поединци и групи Среќен Живот – Тетово,** во рамките на проектот **„Мостови на соработка и толеранција“,** кој го спроведува во партнерство **со ЦИП – Центар за интеграција и поддршка, Скопје** и **Здружение за образование и културна едукација за деца и млади Детска Планета- Скопје,** финансиски поддржан од **Министерството за односи меѓу заедниците,** Ве поканува да доставите понуда за обезбедување закуска и освежување за учесниците на две еднодневни интерактивни работилници.

Работилниците ќе се реализираат под мотото „Мојата приказна, мојот идентитет“, со ученици од IX одделение, согласно следната динамика:

1. ООУ „Климент Охридски“ – Скопје
   Датум: 17.09.2026 година
   Број на учесници: 25 ученици

2. ООУ „Гоце Делчев“ – Тетово
   Датум: 24.09.2026 година
   Број на учесници: 25 ученици

Вкупен број на учесници: 50 ученици.

## I. ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

Предмет на понудата е обезбедување закуска и освежување за вкупно 50 учесници, распоредени на две одделни работилници.

| Ред. бр. | Опис | Количина | Единична цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закуска и освежување за учесници на работилница во Скопје | 25 лица | ______ | ______ |
| 2. | Закуска и освежување за учесници на работилница во Тетово | 25 лица | ______ | ______ |
| | **ВКУПНО:** | **50 лица** | | ________ **МКД** |

Закуската и освежувањето треба да бидат соодветни за ученици од IX одделение и да бидат обезбедени и доставени на локациите на одржување на работилниците.

Понудата треба да опфаќа:

- закуска за секој учесник;
- безалкохолно освежување за секој учесник;
- пакување, доколку е потребно;
- навремена достава на локациите на работилниците.

Понудувачот може во понудата да предложи конкретен состав на закуската и освежувањето.

**II. МАКСИМАЛНА ВРЕДНОСТ НА НАБАВКАТА**

Максималната вкупна вредност на набавката изнесува:

**15.000,00 МКД**

Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци поврзани со реализацијата на услугата, вклучително и евентуалните трошоци за пакување и достава.

**III. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА**

Понудата треба да содржи:

1. Податоци за понудувачот;
2. Опис на понудената закуска и освежување;
3. Цена за услугата;
4. Контакт-податоци на понудувачот.

**IV. НАЧИН И РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА**

Понудата треба да се достави најдоцна до 21.08. 2026 година.

Понудата може да се достави:

- по електронски пат на e-mail: sreken_zivot@yahoo.co.uk

или лично/по пошта на адреса:

Здружение за поддршка на семејства, поединци и групи
Среќен Живот– Тетово
ул. „Маршал Тито“ бр. 168/14
Тетово

**V. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР**

Изборот ќе се врши врз основа на:

- исполнување на условите и барањата од техничката спецификација;
- соодветност и квалитет на понудената закуска и освежување;
- понудената цена;
- можност за навремена достава на двете локации.

Здружението го задржува правото да побара дополнителни информации или појаснувања од понудувачите доколку тоа е потребно.

**VI. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

Плаќањето ќе се изврши по реализирање на услугата, врз основа на доставена фактура/сметка и друга соодветна документација, согласно договорените услови.

Со избраниот понудувач ќе биде склучен соодветен договор за реализација на услугата.

Тетово, 14.08. 2026 година

Здружение за поддршка на семејства, поединци и групи
Среќен Живот – Тетово